**Политика за прифатливо ниво на ризик**

(1) Политиката за прифатливо ниво на ризик е формален документ (англ. риск аппетите статемент) за прифатливо ниво на ризик, во кој се наведува збирното ниво на ризик и видовите ризици кои штедилницата е подготвена да ги преземе или да ги избегне за да ги постигне своите долгорочни цели.

(2) Политиката за прифатливо ниво на ризик вклучува најмалку:

1) Квалитативни и/или квантитативни показатели/индикатори за изложеност на ризици и нивните прагови;
2) Интерни лимити за ограничување на изложеноста на ризици;
3) Претпоставки коишто штедилницата ги зема предвид при утврдување на прифатливо ниво на ризик;
4) Начин на комуникација на утврденото прифатливо ниво на ризик со лицата вклучени во преземањето и управувањето со ризици.